Врз основа на член 10 став 1 и став 6 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 35-та седница одржана на 29.11.2021 година, во врска со Предлогот бр.03-4323/1 од 26.11.2021 година за поведување прекршочна постапка против ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на член 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

1. Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен контролен програмски надзор на Трговско радиодифузно друштво СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје бр.10-4283/1 од 24.11.2021 година и утврди прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на член 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица.

2. Советот заклучи против Трговско радиодифузно друштво СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје да се покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд бидејќи спротивно на членот 50 став 3 од ЗААВМУ и на член 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица, на телевизискиот програмски сервис на ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје, на 4 ноември 2021 година, премиерата и репризите на анимираниот филм „Бајка – Принцот кој бараше бесмртност“ не беа означени со предупредувачка сигнализација за програмата што се прикажува.

3. Се задолжува Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви барањето за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд за наведениот радиодифузер.

4. Примерок од Заклучокот да се достави до:

- Раководителите на сите сектори во Агенцијата,
- Назначено лице од Агенцијата, за водење на предмети по управна постапка,
- Одделение за поддршка на работата на Советот на Агенцијата,
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи – архива на Агенцијата.

**Бр. 02-4319/6**

**29.11.2021 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**